**Општина Охрид**

Бр.09-1145/12

Охрид,10.08.2023год.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 34 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(„Сл. Весник на РМ“бр.199/14, 44/15, 193/14, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весникна РСМ“бр. 32/20 и 111/23), Градоначалникот на општина Охрид, донесе:

# СООПШТЕНИЕ
# ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕДЛОГ ДУП ЗА УЗ 11, УБ 11.5, ОПШТИНА ОХРИД ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025

**СЕ СООПШТУВА** организирање јавна анкета и јавна презентација за **Предлог ДУП за УЗ 11,УБ11.5, општина Охрид, плански период 2020-2025,** со тех. бр. 10/19 од ноември 2022 год., ДПГ „Снегар Компани“ дооел Охрид.

1. Планскиотопфат на **Предлог ДУП за УЗ 11, УБ 11.5, општина Охрид,** е со површина од 9.55 ха и неговата местоположба е дефинирана во границите на:
   - на север опфатот започнува со пресекот помеѓу улиците Се 15.1 ул. Мирка Гинова и Магистралната улица М3' крак Бејбунар (источна транзитна)
   - кон југо - исток по границата на водниот тек на р. Сушица
   - на исток и југ по границата на ГУП на Охрид формирана по границата на катастарските парцели во КО Охрид 4
   - запад –по осовината на Магистралната улица М3 – Бејбунар и по осовината на М3' крак Бејбунар (источна транзитна)
2. Јавната анкета ќе трае од **21.08.2023 до 04.09.2023год.**
3. Јавната презентација ќе се одржи во големата сала на општина Охрид на ден **25.08.2023год.**со почеток во **12.00часот**
4. Заради обезбедување пристапност и увид од страна на граѓаните и правните лица, планот освен на електронскиот систем е-урбанизам, ќе биде истакнат во холот на општина Охрид пред големата сала за состаноци, ќе биде објавен на web страната на општина Охрид, а соопштението за организирање на ЈА и ЈП ќе биде објавено во две јавни гласила.
5. Стручната служба ќе дава објаснување се кој работен ден од 12 до 14 часот во просториите на општина Охрид.
6. Заинтересираните граѓани и правни лица своите предлози и забелешки, додека трае јавната анкета, можат да ги доставуваат на анкетни листови до надлежниот орган во писмена форма и на електронскиот систем е-урбанизам.

ГРАДОНАЧАЛНИК

**Кирил Пецаков**

Kiril Pecakov

Digitally signed by Kiril Pecakov
Date: 2023.08.14 13:26:58 +02'00'